- ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА-БИТОЛА -

Архивски број: 04-186/5
Датум : 29.07.2025

Врз основа на член 212 став 5 и 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија,, бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), а согласно Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола бр.01-327/1 од 03.07.2019 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола број 01-594/1 од 31.12.2019 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола број 01-117/3 од 11.05.2023 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола број 01-150/1 од 08.05.2025 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства бр.19-7466/2 од 17.07.2025 година на Министерството за финансии, В.Д. Директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, го објавува следниот:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025
за унапредување на 3(три) даватели на јавни услуги во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола

Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола објавува интерен оглас за унапредување на 3(три) даватели на јавни услуги на неопределено време за следните работни места:

1.Еден извршител на работно место **Дипломиран социјален работник**, звање на работно место **Самостоен стручен службеник во УСЗ- дипломиран социјален работник,** шифра на работно место СО30303А04009 во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел за социјална, педагошка –воспитна дејност.

Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Општествени науки-Други општествени науки (социјална работа и социјална политика) и најмалку две години работно искуство и

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domzadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Потребни општи работни компетенции на средно ниво се:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

Нето плата од 34.412,00 денари.

Работното време е од 07.30 до 15.30 часот (понеделник- петок), 40 часа во текот на една седница.

2.Еден извршител на работно место **Психолог**, звање на работно место **Самостоен стручен службеник во УСЗ – психолог**, шифра на работно место СО30303А04010 во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел за социјална, педагошка –воспитна дејност.

Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Психологија и најмалку две години работно искуство и

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потребни општи работни компстенции на средно ниво се:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

Нето плата од 34.412,00 денари.

Работното време е од 07.30 до 15.30 часот (понеделник- петок), 40 часа во текот на една седница.

3.Еден извршител на работно место **Дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор**, звање на работно место **Самостоен стручен службеник во УСЗ-дефектолог,** шифра на работно место СО30303А04013 во Служба за сместување, нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел за нега и здравствена заштита на корисниците.

Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:
- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Општествени науки-Други општествени науки (дефектологија) и најмалку две години работно искуство и
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потребни општи работни компетенции на средно ниво се:
- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

Нето плата од 34.412,00 денари.

Работното време е од 07.30 до 15.30 часот (понеделник- петок), 40 часа во текот на една седница.

На интерниот оглас може да се пријави давател на јавна услуга вработен во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола како и:
- да е оценет со оцена "4" или "5" при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите со пропратна документација како доказ за исполнети услови за вработување (во оригинал или заверен препис на нотар) изнесува 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас.

Образец-Пријава може да подигне од Установата.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (во оригинал или заверен препис на нотар) во хартиена форма преку архивата на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола до Дел за управување со човечки ресурси и административно работење, со назнака: „За интерен оглас бр.01/2025“.

Ненавремените, нецелосни и некомплетните пријави и документација нема да се разгледуваат.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на раководното лице на Установата. Постапката за селекција ќе се спроведува во две фази:административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца -Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domzadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com